ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 15-135/18

Дата: 01.09.2011

ДО
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Судски совет на Република Македонија, сметка на основен буџет за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година на Судскиот совет на Република Македонија, издадено е мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и позитивно мислење за усогласеност со закони и прописи.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Судскиот совет на Република Македонија во најголем дел превземал активности и мерки по дадените препораки.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај Биланс на состојба, позитивно мислење за финансискиот извештај Биланс на приходите и расходите и мислење со резерва во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

Со извршената ревизија констатирано е дека не е извршено упишување на правото на трајно користење на градежните објекти во надлежната агенција.
Во делот на евидентирање на материјалните средства во деловните книги констатирани се состојби кои упатуваат дека за истите не се обезбедени уредни и веродостојни документи.

Во делот на доделувањето на договорите за јавни набавки констатирани се состојби на непочитување на одредбите на Законот за јавни набавки.

Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија потребно е да превземе мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Утврдена е системска слабост во делот на утврдување на најниска плата за вработените кои вршат технички и помошни работи а немаат третман на судски односно државни службеници.

Од страна на претседателот на Судскиот совет на Република Македонија добиени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и не се прифатени, поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, сопствено видување за неприменливоста на одредени одредби од Законот за јавните набавки и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 13 до 15) заедно со ревизија на усогласеност на Судски совет на Република Македонија / сметка на основен буџет за 2010 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година на Судскиот совет на Република Македонија, издадено е мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и позитивно мислење за усогласеност со закони и прописи.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Судскиот совет на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Васил Грчев, претседател на Судски буџетски совет и Судски совет на Република Македонија во период од 02.02.2009 до 02.02.2011 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Судски совет на Република Македонија/сметка на основен буџет се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.05.2011 до 31.05.2011 година кај Судски совет на Република Македонија/сметка на основен буџет од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2005 година.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Судскиот совет на Република Македонија во најголем дел превземал мерки по дадените препораки (Прилог II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 21.06.2011 година.

На ден 28.07.2011 година со писмо бр. 07-1346/11 примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-135/8 од 14.07.2011 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, сопствено видување за неприменливоста на одредени одредби од Законот за јавните набавки и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.
Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Усогласеност со законски прописи

4.1.1. Воспоставена е пракса Судскиот совет за потребите на единките корисници од судската власт да отстапува опрема на користење со реверс без притоа да биде донесен акт од Владата на Република Македонија и да се склучи договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и единката корисник на движните ствари. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 54 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект несоодветно постапување во располагањето со материјалните средства.

**Препорака**
Раководителот на субјектот да ја напушти воспоставената пракса на давање на движните ствари по пат на реверс и во иднина обезбеди давањето на ствари помеѓу државните органи да се врши по претходна донесена одлука од надлежните органи.

### 4.2.Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.2.1. На позицијата градежни објекти во деловните книги на крајот од известувачкиот период искажани се средства во износ од 50.231 илјади денари. Со извршениот увид на расположивата документација за основот на искажување на градежните објекти, ревизијата констатира дека за градежните објекти во вредност од 41.374 илјади денари не е извршено упишување на правото на трајно користење на имот во надлежната агенција.
Во текот на 2010 година Судскиот совет на Република Македонија се обратил до надлежната Агенција, но до денот на известување од извршената ревизија, утврдената состојбата не е надмината. Наведената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за катастар на недвижности и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и предизвикува неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци.

**Препорака**
Раководителот на субјектот да продолжи со превземените активности, ги обезбеди потребните и бараните документи и да обезбеди запишување на правото на користење на наведените недвижности.

4.2.2. Со извршениот увид на Записникот за попис за 2010 година, констатирано е дека во рамките на Судскиот совет е одложена опрема која потекнува од Стручната служба на Судскиот буџетски совет која во претходниот период била во рамките на Врховниот суд на Република Македонија и Министерството за правда. Од самиот извештај и приложените документи може да се констатира дека не се обезбедени уредни и веродостојни документи и нивно хронолошко евидентирање во деловните книги и тоа како што следува:

- пренесувањето на средствата чија ревалоризирана набавна вредност изнесува 2.915 илјади денари е извршено врз основа на Нацрт-записник за примопредавање на опрема од месец 11, 2010 година, кој Нацрт-записник не е потпишан од одговорните лица во Врховниот суд и Судскиот совет на Република Македонија. За надминување на утврдената состојба, по

укажување на ревизијата, на ден 26.05.2011 година, донесено е Решение за формирање на комисија за прием на средства и опрема од Врховниот суд на Република Македонија; составен е Записник за примопредавање на средствата и опремата и донесено е Решение за отстапување на трајно користење движни ствари што не е во согласност со одредбите на член 54 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост;

- на ден 03.11.2010 година составен е Записник за примопредавање на безбедносна опрема по договор 007-10 склучен помеѓу Министерството за правда и економскиот оператор во кој како краен корисник се појавува Судскиот совет на Република Македонија, каде е ставена забелешка дека инсталацијата на опремата ќе биде во рок од максимум 30 дена од денот на испораката на опремата. По укажување од страна на ревизијата, на ден 23.05.2011 година од страна на Министерството за правда доставено е Известување до Судскиот совет на Република Македонија за потребата од воведување во евиденција на наведената опрема во износ од 633 илјади денари во деловните книги;
- за опрема наведена во испратница број 746530 и 746323 која што е набавена од Министерството за правда не постои соодветна и уредна документација за отстапување на право на користење и воведување во деловните книги.

До денот на известување за извршената ревизија не се преземени активности за воведување во евиденција на наведената опрема. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и влијае на објективноста и реалноста на искажаните податоци и квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои што ги даваат истите.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги преземе потребните активности за обезбедување на потребните документи за пренесување на правото на сопственост/користење на движните ствари и ги задолжи лицата одговорни за водење на деловните книги да извршат евидентирање на наведените движни ствари.

## 4.3. Користење на средствата согласно законските прописи

4.3.1. Со извршената ревизија на начинот на спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди дека од страна на Комисијата за јавни набавки спроведени се 11 постапки за доделување на договор за јавна набавка чија реализација извршена во 2010 година е во износ од 1.740 илјади денари (Прилог број 1).

При спроведување на овие постапки ревизијата ги констатира следните состојби и тоа: Годишниот план за јавни набавки за 2010 година не е донесен во законски утврдениот рок; не се вршени измени и дополнувања на планот за јавни набавки односно не е вршено негово усогласување со Решенијата за обезбедени финансиски средства за капитални расходи донесени од Судскиот буџетски совет; не се превземени активности за истражување на пазарот и реално проценување на вредноста на планираните набавки; не се врши потпишување на изјава за непостоење на конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавна набавка и за дел од спроведените постапки со барање за прибирање на понуди ненавремено или воопшто не е доставен примерок од електронската евиденција до Бирото за јавни набавки.

Не се спроведени постапки за јавна набавка во вкупен износ од 1.046 илјади денари (Прилог број 2), а кои се однесуваат на набавка на вредносни „верна картици“, извршени услуги за ангжирани работници преку агенција за привремено вработување, телекомуникациски услуги-фиксна и мобилна телефонија и интернет, набавка на канцелариски материјали.

Погоре утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки за пропишување на процедури за начинот на спроведување на јавните набавки и воспоставување на контроли за следење на начинот на спроведување и реализација на јавните набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.1. и 4.2.2. е несигурност во потврдувањето на искажаните состојби на материјалните средства.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.1. и 4.2.2. финансискиот извештај Биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Судскиот совет на Република Македонија на ден 31 декември 2010 година.

Според наше мислење, финансискиот извештај Биланс на приходите и расходите ги претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти на Судскиот совет на Република Македонија за 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Судскиот совет на Република Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Со одредбите на член 139 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 60/06,.....150/10) е уредено дека платата на членовите на Советот, Генералниот секретар и на судските службеници се определува со закон.
Со одредбите на Законот за судска служба се утврдени системот на плата и надоместоци на судските службеници и судската полиција, за кои Владата на Република Македонија со посебни одлуки ги утврдува вредностите на бодот за платите, без притоа да се пристапи и уреди начинот на платите на лицата вработени во судовите и Судскиот совет кои вршат технички и помошни работи, освен упатувањето на членот 44 од истиот закон, дека платите на овие вработени се во рамките на платите утврдени за

административно-техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство.

Во отсуство на донесен акт од Владата на Република Македонија, Судскиот совет донесува Одлука во текот на 2010 година со која на вработените кои немаат статус на државни службеници им се одредува вредност на бруто бод од 93,66 денари и претставува континуитет на затечената состојба и не е во согласност со одредбите на Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија.

Отсуството на конкретно уредување на платите на вработените во судовите и Судскиот совет (судската власт) кои вршат технички и помошни работи предизвикува:

- разноликост во утврдувањето на платите на оваа категорија на вработени и нивна нерамноправна/нееднаква положба (177 вработени во Судската власт односно 4 вработени во Судски совет) односно нивно уредување по затекната состојба од претходни периоди (од една единка корисник до друга за исто работно место и исто образование се исплаќа различна основна плата без минат труд во зависност од единката корисник каде е вработено лицето;
- во секоја единка корисник на средства од судскиот буџет за исто работно место и исто образование различна основна плата без минат труд и
- потешкотии во процесот на буџетирање и утврдување на потребното ниво на средства за оваа категорија на вработени во Буџетот за судската власт.

За надминување на утврдената состојба Судскиот буџетски совет во соработка со надлежното министерство потребно е да превземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти (Законот за судска служба и општиот и гранскиот колективен договор) и утврдување на критериуми за утврдување на платата на овој вид на вработени се до моментот на изменување и дополнување на претходно наведените акти и донесување на акт од страна на Владата на Република Македонија[1] за утврдување на најниската плата.

---

[1] Согласно член 46 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија е уредено „За правните лица кај кои финансирањето се врши од средствата на Буџетот на Република Македонија, плата ќе се утврдува со посебен акт донесен од Владата на Република Македонија со еднакви критериуми за сите корисници на Буџетот во кој коефициентите не можат да бидат пониски од коефициентите утврдени во член 45 од овој колекивен договор“

## 7. Нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Во текот на ревизијата презентиран е налог за книжење број 02-24 од 20.05.2011 година, со кој е извршена корекција на претходно внесените податоци на нематеријалните средства во Билансот на состојба.

Скопје, 26.08.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 37.371 | 35.663 |
| **Вкупно приходи** | **37.371** | **35.663** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 31.777 | 30.867 |
| Стоки и услуги | 5.428 | 4.721 |
| Субвенции и трансфери | 166 | 75 |
| **Вкупно тековни расходи** | **37.371** | **35.663** |
| **Вкупно расходи** | **37.371** | **35.663** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 720 |
| Активни временски разграничувања | 3.603 | 4.186 |
| **Вкупно тековни средства** | **3.603** | **4.906** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 1.255 | 51 |
| Материјални средства | 51.889 | 7.718 |
| **Вкупно постојани средства** | **53.144** | **7.769** |
| **Вкупна актива** | **56.747** | **12.675** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 865 | 1.455 |
| Краткорочни финансиски обврски | 72 | 26 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 12 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.666 | 2.693 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 720 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3.603** | **4.906** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 53.144 | 7.769 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **53.144** | **7.769** |
| **Вкупна пасива** | **56.747** | **12.675** |

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА ВО 2010 ГОДИНА**

| Ред. Бр. | | О П И С | Државен јавен капитал | ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛ.РЕЗЕРВА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 5 (2+3+4) | 7(5+6) |
| | | **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | |
| I | | **Состојба на ден 01 јануари 2010** | 7.769 | 7.769 | 7.769 |
| | | **Зголемувања:** | | | |
| | | Набавка на постојани средства | 43.493 | 43.493 | 43.493 |
| | | Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 4.186 | 4.186 | 4.186 |
| | | **Намалувања:** | | | |
| | | Амортизација на постојани средства | 2.304 | 2.304 | 2.304 |
| II | | **Состојба на ден 31. декември 2010** | **53.144** | **53.144** | **53.144** |
| | | | | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 07-1346/11
28-07-2011 2011год.

28.07.2011

15 135/14

ДО
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**- Главен државен ревизор**
**Г-ѓа Тања Таневска**

**Предмет: Известување по доставен Нацрт Извештај**
**Врска: ваш број 15-135/8 од 14.07.2011 година**

Почитувани,

По извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година на Судскиот совет на Република Македонија , за која можеме со задоволство да констатираме дека ќе има позитивни импликации на понатамошното работење и надминување на слабостите во иднина.

Во прилог на овој допис Ви ги доставуваме забелешките кон посочените препораки содржани во Нацрт-Извештај изготвен од Ваша страна, со цел да се дообјаснат некои состојби.

*Прилог: Известување*

Со почит,

**Судски совет на Република Македонија**
Претседател
Александра Зафировска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 07-1346/11
28-07-2011 2011год.
СКОПЈЕ

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- за Главен државен ревизор
Г-ѓа Тања Таневска

**Предмет: Известување по доставен Нацрт Извештај**
**Врска: ваш број 15-135/8 од 14.07.2011 година**

Почитувани,

Врз основа на дописот број 15-135/8 од 14.07.2011 година, со кој ни го доставувате Нацрт – Извештај од Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година на Судскиот совет на Република Македонија, Ви ги ***доставуваме следните забелешки кон Нацрт - Извештај.***

**Забелешки кон точка 4.2.2.**

Во однос на делот кој се однесува на Записник на примопредавање на безбедносна опрема по договор **007-10** склучен помеѓу Министерството за правда и Економскиот оператор во кој како краен корисник се појавува Судскиот совет е склучен на ден 03.11.2010 година, а не 03.01.2010 година, како што е констатирано во Нацрт извештај, а потребната инсталација и монтажа за да може опремата да се користи е извршена во почетокот на 2011 година, поточно со испратница бр.1502/11-1 од 25.02.2011 година, кога и почнало нејзиното користење. Прилог фотокопија од соодветната документација.

**Забелешки кон точка 4.3.1.**

Во поглед на забелешката за неспроведена јавна јабавка на вредносни „верна картици“ сметаме дека тоа е невозможно од практични причина затоа што најраспространета мрежа за снабдување со моторно гориво има АД Макпетрол - Скопје.

Во поглед на телекомуникациски услуги за фиксна и мобилна телефонија тендерот беше успешно спроведен од страна на Врховен суд на Република Македонија дури кон крајот на годината и се јави еден вакуум период, но со користењето на постоечкиот мобилен оператор беше направена голема заштеда во поглед на финансиски средва наменети за оваа услуга. Во 2010 година издвоените финансиски средства беа во износ од 338 илјади денари а за споредба во 2009 година кај друг комитент износот на потрошени средства бил во износ од 595 илади денари.

Во однос на изнесениот навод во горенаведената точка во ставовите 3 и 4 дека за извршени услуги за ангажирани работници преку агенција за привремено вработување не е спроведена постапка за јавна набавка односно таквата утврдена состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки, ги изнесуваме следните забелешки во продолжение:

Точно е дека во член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки е предвидено дека предмет на договорот за јавни набавки на услуги претставува обезбедување, меѓу другото, и на услуги за привремено вработување.

Меѓутоа, спроведувањето на оваа одредба во смисла на спроведување на постапка за јавна набавка на услуги за привремено вработување е практично неприменлива од следните причини:

Согласно член 17 ставови 2 и 3 од Законот за јавни набавки, при доделување на договор за јавна набавка на услугите од член 17 став 1 алинеја 2 од Законот се применуваат членовите 2, 33, 34, 35, 36 и 55 ( во случаи кога набавката е со проценета вредност над 20.000 евра во денарска противвредност), односно членот 2 и 103 ( во случаи кога набавката е со проценета вредност под 20.000 евра во денарска противвредност). **Значи, Законот за јавни набавки експлицитно ги утврдува членовите од Законот за јавни набавки кои се применуваат при набавка на услуги за привремено вработување, односно аргументум ад цонтрарио ова значи дека останатите одредби од Законот не се применуваат.**

**Согласно горенаведеното, не е можно да се спроведува некоја од постапите за јавни набавка утврдени во Законот, од причина што нема правен основ за примена на одредбите во Законот со кои се регулирани тие постапки, освен горенаведените членови од Законот изричито наведени во член 17 ставови 2 и 3.**

**Секоја постапка за јавна набавка мора да се заснова врз одредени законски одредби односно правен основ, во спротивно доколку се применат одредби од Законот за јавни набавки кои самиот Закон ги исклучил од примена, секој учесник во евентуална постапка за јавна набавка би можел да ја оспорува законитоста на спроведената постапка за јавна набавка пред надлежен суд и истата би била поништена.**

Од друга страна, членовите во Законот за јавни набавки кои самиот Закон предвидува дека треба да се применуваат, се практично неприменливи за евентуално спроведување на постапка за јавна набавка на услуги за привремено вработување. Имено, членовите 2, 33, 34, 35, 36 и 55 или 103 се практично неприменливи при евентуално спроведување на постапка за јавна набавка на услуги за привремено вработување. Членовите 33, 34, 35, 36 разработуваат прашања во врска со технички спецификации кои не можат да се применат при евентуална постапка за набавка на услуги за привремено вработување, а членовите 55 и 103 се неприменливи односно безпредметни од причина што како што претходно наведовме не може да се применат одредбите од Законот кои ги регулираат постапките за јавни набавки.

Согласно сето горенаведено, Судскиот совет на Република Македонија смета дека за спроведување на конкретна постапка за јавна набавка за услуги за привремено вработување не е доволно да постојат општи начела од член 2 од Законот за јавни набавки ( за обезбедување на транспарентност, еднаков третман на економските оператори, конкуренција итн), туку конкретна разработена постапка врз основа на конкретни прецизно дефинирани законски одредби. Во ситуација кога Законот за јавни набавки е непрецизен, контрадикторен и децидно ги утврдува одредбите од законот за јавна набавка кои е дозволено да се применуваат ( а тие од своја страна се исто така, нејасни, непрецизни и неприменливи за спроведување на постапка за јавна набавка за услуги за привремено вработување), Судскиот совет на РМ со цел да ја реализира добиената согласност за привремено вработување пристапи кон склучување на непосреден договор со Агенцијата за вработување Партнер, без да се впушта во водење на „импровизирана постапка за јавна набавка на услуги за привремено вработување“.

Со почит,

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александра Зафировска**

**Прилог**

**Одговор**
**на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија на ден 28.07.2011 година достави забелешки број 07-1346/11 од 28.07.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-135/14 по доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година заведен под број 15-135/8.
Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **точката 4.2.2. став 1 алинеја 2** која се однесува на непревземени активности за воведување во евиденција на безбедносната опрема по договор 007-10 склучен помеѓу Министерство за правда и економскиот оператор во кој како краен корисник се појавува Судскиот совет на Република Македонија **не се прифаќа.** Раководителот на субјектот со доставената забелешка информира дека не се преземени активности за воведување на наведената опрема во евиденција поради тоа што инсталацијата и монтажата на опремата е извршено во почетокот на 2011 година што може да се констатира од испратница бр.1502/11-1 од 25.02.2011 година. Ревизијата укажува на фактот дека евидентирањето на опремата во сметководствената евиденција не е поврзана со нејзината инсталација и монтажа и покрај тоа што инсталацијата и монтажата на наведената опрема не е извршена во рокот определен со самиот записник. Раководителот на субјектот не достави дополнителни докази дека е постапено по дадената препорака од страна на ревизијата за воведување на наведената опрема во сметководствената евиденција.
   Ревизијата истакнува дека е извршена корекција на техничката грешка во делот на датумот на составување на записникот за примопредавање на безбедносната опрема.

2. Упатената забелешка на **точката 4.3.1. став 3** која се однесува на неспроведена постапка за јавна набавка на:
   - “верна картици“ **не се прифаќа**. Раководителот на субјектот со доставените забелешки ги елаборира причините за непостапување согласно одредбите од Законот за јавни набавки без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или измени утврдените состојби од страна на ревизијата;
   - “телекомуникациски услуги – фиксна и мобилна телефонија и интернет“ **не се прифаќа.** Раководителот на субјектот наведува дека постапката за доделување на договор за телекомуникациските услуги за фиксна и

мобилна телефонија бил успешно спроведен од страна на Врховен суд на Република Македонија кон крајот на годината поради што се јавил вакуум период со што фактички ја потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата. Дадената компаративна анализа на средствата за овој вид на услуги кај Судскиот совет на Република Македонија и друг комитент е неспоредлива поради тоа што се работи за различен обем на извршени услуги;

- "услуги за ангажирани работници преку агенција за привремено вработување" **<u>не се прифаќа</u>**. Раководителот на субјектот во забелешките изнесува сопствено видување за неприменливоста на одредбите од член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки поконкретно во делот на услугите за привремено вработување. Ревизијата не ги прифати дадените забелешки од страна на раководителот на субјектот поради тоа што истите не се во насока на обезбедување на основните начела на Законот за јавни набавки со кои ќе се обезбеди: конкуренција помеѓу економските оператори; еднаков третман и недискриминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационални и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка. Во прилог на утврдената состојба, ревизијата укажува дека Бирото за јавни набавки кое помеѓу другото согласно член 14 став 1 алинеја 3 од Законот за јавни набавки "дава мислење во врска со одредбите и примената на овој закон" има издадено повеќе мислења во врска со примената на член 14 став 1 алинеја 2 со кое се укажува дека наведената одредба не ја исклучува примената на Законот за јавни набавки односно "Договорите за јавна набавка на услуги од член 17 став 1 алинеја 2 од законот не ја исклучуваат примената на Законот за јавните набавки и треба да бидат доделувани на начин кој ќе овозможи доследно почитување на принципите од член 2 од законот. Тоа значи дека и при набавка на услугите од член 17 став 1 алинеја 2 од законот, договорниот орган треба да настојува да обезбеди транспарентност, еднаков третман на економските оператори, конкуренција, интегритет во постапката и рационално и ефикасно искористување на средствата.

  Според тоа, Бирото е на мислење дека договорниот орган треба да обезбеди транспарентност, јавност и еднаков третман на економските оператори и при доделување на договори за јавни набавки на услуги од членот 17 став 1 алинеја 2 од законот, во сите случаи каде тоа е можно".

Скопје, 23.08.2011 година

*Ревизорски тим:* *Овалстен државен ревизор:*